ЈП КОМУНАЛЕЦ Битола
Бр. 01-31/1
03.01 2023 год.
Битола

# ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД
(2023 - 2025)



*Изработил: Зоран Спировски*
*дипл.маш.инж*
*Раководител на Сектор Комунална хигиена*
*Дојчиновски Стојко*
*Дипл.биотех.инж.*
*Координатор на Организациона единица*

СОДРЖИНА

ВОВЕД....3
1. СОЗДАВАЊЕ НА ОТПАД....4
  1.1 ВИДОВИ ОТПАД....4
  1.2 КОЛИЧИНИ НА ОТПАД....5
  1.3 СОСТАВ НА ОТПАДОТ....5
  1.4 ИЗВОРИ НА ОТПАД....6
  1.5 ПРЕДВИДУВАЊА....6
2 МЕРКИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕТО ОТПАД....7
  2.1 ПОСТОЈНИ И ПЛАНИРАНИ МЕРКИ....7
3 ОРГАНИЗАЦИСКО ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ....8
  3.1 ПОСТОЈНИ ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ....8
    3.1.1 ОПРЕМА ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА ОТПАД....8
    3.1.2 ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ....9
  3.2 ПЛАНИРАНИ ОРГАНИЗАЦИСКО ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ И АКТИВНОСТИ....9
4 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА....10
5 ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЕДУКАЦИЈА И ЗА ОБУКА НА КАДАРОТ ШТО УПРАВУВА СО ОТПАДОТ....10
6 ВОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СИСТЕМИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ISO 14001 И ДРУГИ)....11
7 ДРУГИ МЕРКИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА....11
  7.1 ОРГАНИЗАЦИСКИ ПОДОБРУВАЊА....11
8 ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА....11
9 АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ....12

## ВОВЕД

Програмата за управување со отпад (2023-2025) претставува плански документ за управување со отпад произлезен од законските и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за управување со отпад и истата е во согласност со **Националниот план за управување со отпад на Република Македонија, Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020), како и со Планот за управување со отпад на територија на општина Битола (2014-2020).**

Програмата го определува и планира начинот, обемот и динамиката на собирањето, транспортирањето и депонирањето на отпадот, процесите на селектирање, третман и складирање на отпадот, надзорот над овие операции како и мерките за заштита на животна средина, животот и здравјето на луѓето.

Програмата е изработена врз основа на определени одредби на националното законодавство кое се однесуваат на заштитата на животната средина наведени во:

- Законот за животна средина;
- Законот за управување со отпад;
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување;
- Законот за управување со електрична и електронска опрема;

како и со правилниците и уредбите донесени од страна на надлежни државни органи кои се однесуваат на начинот и постапувањето со определени видови на отпад.

Програмата е изработена според универзални начела и приоритети врз кои се темелат основите на современото управување со отпадот како што се начелото на:

- одржлив развој за заштита на животната средина,
- претпазливост,
- блискост,
- универзалност на услугата и
- загадувачот плаќа.

Сите овие наведени начела спроведуваат определени мерки и активности со цел јавното претпријатие во текот на извршувањето на своите дејности и активности:

- да обезбеди висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- да преземи мерки за намалување на количините на создаден отпад на самото место на неговото создавање или отпадот да биде преработен по пат на рециклирање или повторна употреба или во случај отпадот да не може да се селектира, истиот да се однеси до најблиското место за негов понатамошен третман;
- да преземи мерки на претпазливост и мерки на отстранување на опасноста во случај на предизвикување на несакани последици по животната средина пред да се дојде до штетни последици;

Во текот на сите овие активности јавното претпријатие потребно е да го почитува принципот на универзалност на услугата и да ги сноси сите трошоци настанати во делот на управувањето со отпадот, превенцијата и мониторингот.

Програмата за управување со отпад се однесува за период од 3 години од 2023-2025 година и дава насоки за спроведување на мерки и активности што треба да се преземат со цел подобрување на состојбата во делот на управувањето со видовите на отпад кои се создаваат на територијата на општина Битола.

Во програмата наведени се изворите на отпад, видот и количините на отпад, наведени се планирани техничко – технолошки и организациски мерки за подобрување на процесот на управување со отпадот како и рокови и фази на реализација на истите. Програмата содржи

мерки за заштита на штетното влијание на отпад врз луѓето, како и планирани активности за едукација и обука на кадарот кој управува со отпадот.

На крајот на Програмата даден е акциски план за реализација на предвидените мерки преку активност со предвидено време на реализација.

# 1. СОЗДАВАЊЕ НА ОТПАД

## 1.1. ВИДОВИ ОТПАД

Од анализите направени од страна на ЈП Комуналец Битола, на територијата на општина Битола, според **Листата на видови на отпад** евидентирани се следните видови на отпад:

- **20 03 01 Комунален и комерцијален отпад;**
  - Отпад создаден од правни и физички лица од активности во домаќинствата, како и од активности при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности.
- **17 Инертен отпад**
  - Отпад создаден како резултат на определени градежни активности, реконструкција или преуредување на објекти, погони или простории.
- **15 01 01 Отпад од пакување од картон и хартија;**
  - Отпад од примарно, секундарно и терцијарно пакување, како што се оштетени или искористени картонски и хартиени кеси, како и хартија собрана од домаќинства:
- **15 01 02 отпад од пакување од пластика**
  - Отпад од оштетена или употребена пластична амбалажа добиена во процес на пакување на краен производ како и PET пластика.
- **16 02 (20 01 35*) Отпад од електрична и електронска опрема;**
  - Отпадна опрема од искористени или расипани електрични и електронски апарати кои се користат во домаќинства, составни делови, потсклопови и потрошни електрични делови и материјали и делови кои се користата во процеси на производство, искористени или расипани делови од информатичка технологија (стари компјутери, искористени принтери и други делови поврзани со информатичка технологија), опрема за осветлување и сл.
- **20 03 07 Гломазен (габаритен) отпад**
  - Отпадна искористена опрема пред се од домаќинства како стар искористен намештај (кревети, двоседи, троседи, фотели), плараеи, маси столици и сл.
- **20 01 02 Отпадно стакло**
  - Отпад од искористени стаклено пакoвање на пијалоци како и останато искршено и неупотребливо стакло
- 20 02 01 **Биоразградлив отпад**
  - Отпад кој може да се распадне во природата со помош на микроорганизми и други биолошки процеси.Истиот може уште да се нарече зелен отпад,отпад од храна или органски отпад.

## 1.2. КОЛИЧИНИ НА ОТПАД

Според годишните извештаи евиденција на количните на создаден отпад за 2020 и за 2021 година евидентирани се следните создадени видови и количини на отпад. *(Наведените видови на отпад се класифицирани согласно Листата на видови на отпад (Сл.весник на РМ бр.100/95)).*

| Р.бр | Шифра на отпад | Вид на отпад | Потекло на создадениот отпад | Количини/год | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2020 | 2021 | |
| | | | | ton | ton | |
| 1 | 02 06 01 | Комунален отпад | Домаќинства, правни и физички лица | 32966 | 32850 | |
| 2 | 17 | Инертен отпад | Домаќинства, правни и физички лица | | | |
| 3 | 15 01 01 | Отпаден картон и хартија | Домаќинства, правни и физички лица | 201,55 | 177,48 | |
| 4 | 15 01 02 | Отпадна пластика PET | Домаќинства, правни и физички лица | 7,85 | 32,5 | |
| 5 | 20 01 35* | Отпад од електронска и електрична опрема | Домаќинства, правни и физички лица | 3,6 | 7,1 | |
| 6 | 20 03 07 | Гломазен (габаритен) отпад | Домаќинства, правни и физички лица | 1180м3 | 1200м 3 | |
| 7 | 20 01 02 | Отпадно стакло | Домаќинства, правни и физички лица | | | |

Според извршени анализи за 2021 година од вкупните колични собран отпад од градот Битола собрани се 632 тони комунален отпад неделно (просечна неделна вредност), односно 29990 тони отпад годишно (просечна годишна вредност), додека од руралните средини (во кои се врши услуга) собрани се 55 тони комунален отпад неделно (просечна неделна вредност), односно 2860 тони отпад годишно (просечна годишна бредност). Од правните и физичките лица на територијата на град Битола собрани се 47,9 тони индустриски неопасен отпад неделно, односно 2490 тони индустриски неопасен отпад годишно.

Според анализите може да се заклучи дека едно домаќинство создава 1260 кг комунален отпад годишно,односно 105 кг комунален отпад месечно или 3.5 кг отпад дневно.

***(Добиените податоци не може да се земат со голема точност затоа што нема физичка поделаба на собирање на комунален и индустриски неопасен отпад. Пресметката по создаден отпад по жител е пресметана според податоци за населението кои се од пописот на Република Македонија од 2002 годин).***

## 1.3 СОСТАВ НА ОТПАДОТ

Според извршените анализи на составот на комуналниот отпадна територијата на општина Битола констатиран е следниот состав на отпадот.

| вид на отпад | ВКУПЕН ПРОСЕК % |
|---|---|
| градинарски отпад | 17.81 |
| останат биоразградлив отпад | 29.38 |
| хартија | 6.53 |
| картон | 4.43 |
| композитни материјали | 2.29 |
| стакло | 8.00 |
| амбалажен отпад | 0.88 |
| алумински конзерви | 0.81 |
| PET | 2.55 |
| амбалажна пластика | 1.28 |
| пластични кеси | 3.63 |
| тврда пластика | 1.51 |
| текстил | 4.34 |
| пелени | 5.36 |
| градежен отпад | 0.68 |
| електричен и електронски отпад | 0.06 |
| медицински отпад | 0.00 |
| кожа | 0.28 |
| древни отпадоци | 0.58 |
| останати видови на отпад | 1.5 |
| фини елементи < 10mm | 7.58 |
| | 100% |




## 1.4 ИЗВОРИ НА ОТПАД

Наведените видови на отпад се создаваат од домаќинства, правни и физички лица на територијата на општина Битола. Собирањето на отпадот се врши од градот Битола и од 20 села од вкупно 65 кои гравитираат на општина Битола.

Според податоци на ЈП Комуналец борјот на корисници за услугата за последните три години изнесува:

| | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Правни лица | Физички лица | Правни лица | Физички лица | Правни лица | Физички лица |
| Број на корисници | 2621 | 23911 | 2587 | 237773 | 2551 | 24041 |

## 1.5 ПРЕДВИДУВАЊА

Според извршените анализи за периодот од последните три години вкупниот број на корисници на услугата постепено опаѓа како резултат на миграција на население.

Пример: според извршени анализи за 2020/2021 година намалувањето на бројот на корисници од 2017 до 2018 година изнесува 138. Според анализи на ЈП Комуналец Битола едно домаќинство во Битола создава 1260 кг отпад годишно. Доколку се анализираат овие податоци постои мало наголемување на количините на отпад на годишно ниво, па тоа не може да влијае на системот за управување со отпад.

За наредните години се предвидуваат да бидат собани околу 34 000 тони комунален отпад.

# 2. МЕРКИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕТО ОТПАД

## 2.1. ПОСТОЈНИ И ПЛАНИРАНИ МЕРКИ

Постојните технички и организациски мерки се состојат од различни проекти во различни фази на реализација. ЈП Комуналец Битола како носител на активностите за управување со отпад своите активности ги насочува во следните насоки:

- Изработка на техничка и институционална документација за подобрување на системот за управување на отпадот:
  - Изработка на годишни планови за управување со отпад, како дел од годишните планови за работа на јавното претпријатие;
  - Учество во изработка на плански и стратешки документи кои се однесуваат на делот за управување со отпад и заштита на животната средина;
  - Учество во работни групи и тела за донесување на закони и правилници, како и одлуки кои се однесуваат на делот на управување со отпад и заштита на животната средина.
- Проширување на системот на собирање и транспортирање на отпадот во руралните (селските) средини
  - Системско проширување на дејноста на собирање и транспортирање на комунален отпад од села кои припаѓаат на општина Битола во кои не се врши комуналната услуга.
- Проширување на системот за селективно собирање на отпадот пред се хартијата, пластиката (PET), стакло и биоразградлив отпад;
  - Распоредување на специјализирани садови од 120 литри (жолта боја) за собирање на PET пластика од индивидуални домаќинства;
  - Распоредување на специјализирани садови од 120 литри,240литри и 1,1м3 (кафеава боја) за собирање на биоразградлив отпад од правни лица и физички лица;
  - Системско распоредување на специјализирани садови од 1,1$м^3$ (жолта и сина боја) за собирање на отпадна пластика и отпадна хартија од колективни домаќинства и правни лица.
- Почитување на приоритетите за управување со отпадот и начелото на блискост, односно избегнување на создавање на големи количини на отпад, преработка на отпадот по можност на местото каде се создава по пат на рециклирање или повторна употреба:
  - Воспоставување на систем на селектирање на отпадот на местото на неговото создавање со поставување на специјализирани садови за селекција на отпадот на местото на неговиот извор.
- Управување со посебни текови на отпад (кабаст отпад, отпадна електрична и електронска опрема и др. видови на отпад) со воспоставување на организациона шема за постапување со таков вид на отпад на целокупната територија на општината;
  - Организирање на месечни, полугодишни и годишни акции за собирање на поседни видови на отпад;
  - Собирање на посебни видови на отпад по систем на повик.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКО ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

## 3.1. ПОСТОЈНИ ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

### 3.1.1. ОПРЕМА ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА ОТПАД

ЈП Комуналец Битола, собирањето на комуналниот отпад го врши според организирана неделна шема од понеделник до петок, а во сабота и недела дежурни возила со точни определена релација. Собирањето на отпадот од индивидуални домачинства се врши еднаш неделно, додека од колективни домаќинства два пати (понеделник – четврток, вторник - петок). Транспортирањето на комуналниот отпад на територијата на општина Битола се врши исклучиво со специјализирани возила за собирање и транспортирање на комунален отпад со просечна годишна старост од 20 години. ЈП Комуналец Битола располага со следните видови на марки возила Iveko, Mercedes, MAN и Volvo. Возилата поседуваат специјализирани надградби за собирање на комуналниот отпад со волумен од 4-18 м$^3$.

| р.бр | Возило | модел | тип | Година на производство | Капацитет на надградба (м$^3$) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Волво | FL | 250 | 2002 | 14 |
| 2 | Волво | FL | 220 | 2001 | 14 |
| 3 | Волво | FL | 7.260 4X2 | 1998 | 14 |
| 4 | Волво | FL | 220 | 2001 | 12 |
| 5 | Волво | FL | 6E4X2 | 2001 | 14 |
| 6 | Ивеко | Дејли | 65C15 | 2003 | 4 |
| 7 | Ивеко | Дејли | 65C15 | 2003 | 4 |
| 8 | Ивеко | Дејли | 65C15 | 2003 | 4 |
| 9 | Ивеко | Еурокарго | 160-220 | 2019 | 12 |
| 10 | Ивеко | Еурокарго | 180E24 | 2003 | 16 |
| 11 | Ивеко | Еурокарго | 180E24 | 2003 | 16 |
| 12 | Ивеко | Еурокарго | 180E24 | 2003 | 16 |
| 13 | Ивеко | Еурокарго | 180-250 | 2020 | 14 |
| 14 | Ивеко | Еурокарго | 180-250 | 2020 | 14 |
| 15 | Исузу | NPR | 66 | 1997 | 6 |
| 16 | МАН | F2000 | 26.364FVL-KO | 2002 | 18 |
| 17 | Мерцедес | | 1213 | 1990 | контејнери од 5м$^3$ |

За собирање на комуналниот отпад од колективните домаќинства на територијата на општина Битола распоредени се исклучиво специјализирани садови од 1,1м$^3$. На територијата на општина Битола распоредени се околу 1700 контејнери со капацитет од 1 м$^3$. Собирањето на комуналниот отпад од индивидуалните домаќинства се врши од специјализирани пластични канти со волумен од 120 и 240 литри и од импровизирани садови.Нивниот број не можи точно да се определи.

За селективно собирање на пластика (PET) распоредени се специјални садови од1,1м$^3$ и тоа во жолта распоредени во колективни домаќинства, додека за собирање на отпадна хартија во колективни домаќинства и кај правни лица распоредени се специјализирани садови од 1,1м$^3$ во сина боја.

Во индивидуални домаќинства распредени се 1500 пластични канти од 120 литри во жолта боја за собирање на отпадна PET пластика.

### 3.1.2. ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

ЈП Комуналец Битола поседува капацитет за механички третман на хартија и пластика. За таа цел се користат две хидраулични преси за пресување. Просечното дневно балирање на хартијата изнесува околу 710 кг. Пресуваната хартија се предава на понатамошен третман на правни лица.

Капацитет за депонирање на отпадот претставува депонијата Мегленци. На депонијата се врши депонирање на комунален отпад по површинска метода, а дадената локација располага со доволно подрачје за погон на истата за период од 10 и повеќе години. Депонијата е опслужена со сета потребна механизација. На депонијата се врши комплетно евидентирање на депонираните количини на отпад. Просечните неделни количини на депониран отпад изнесуваат околу 630 тони.

Во моментот капацитетот за механички третман на отпадот и капацитетот на депонирање на отпадот ги задоволува дадените потреби.

## 3.2. ПЛАНИРАНИ ОРГАНИЗАЦИСКО ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ И АКТИВНОСТИ

Идните планирани организациско – технички активности за управување со отпад односно собирање, транспортирање, преработка, третман и финално депонирање на отпадот, ќе се движат во насока на подобрување на условите на собирање и транспортирање на отпадот и тоа:

- Набавка на нови возила поради дотраеност и експлоатација, како и поради проширување на дејноста;
- Дополнително распоредување на специјализирани садови од 1,1$м^3$ за собирање на комунален отпад од колективни домаќинства (замена на постоечките метални контејнери со пластични контејнери);
- Проширување на системот на селективно собирање на отпадна хартија, отпадна пластика (PET) и отпадно стакло со дополнително распоредување на специјални садови;
    - Дополнително распоредување на садови за селектирање на отпад(хартија,пластика и биоотпад) во новите колективни згради;
    - Проширување на системот на селективно собирање на отпад(хартија,пластикани биоотпад) во индивидуални домаќинства со поставување на пластична канта од 120 литри;
    - Дополнително распоредување на садови за собирање на отпадно стакло во правни лица кои се занимаваат со угостителска дејност
- Воспоставување на регионален систем на управување со комуналниот отпад;
- Учество на семинари, работилници и едукативни курсеви.

Сите планирани организациско технички активности поедично технички и финансиски се објаснуваат во годишните планови за работа на јавното претпријатие донесени од страна на Совет на општина Битола.

## 4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Законодавните, институционалните, организациските и економските мерки за управување со отпадот и заштита на животната средина, претставуваат значајна основа за воспоставување и функционирање на мрежата на техничките капацитети за управување со отпад.
Институционалните и организациските мерки се однесуваат на воспоставување на организиран систем на управување со отпад на целокупната територија на општината;

- Проширување на услугата на собирање на комунален отпад на целокупната територија на општина Битола;
- Воспоставување на организиран систем на селекција на отпад пред се на пластика и хартија на целокупната територија на општината;
- Воспоставување на систем управување со посени видови на отпад (кабаст отпад, отпад од електрична и електронска опрема и др. видови на отпад);
- Воспоставување на организирана структурана сите нивоа во јавното претпријатие со назначени одговорни лица, со поделени задачи и зајакнување на човечките и оперативните капацитети.

Предвидените мерки доведуваат до намалување на количините создаден отпад, негово искористување, повторна употреба и рециклажа, намалување на уделот на опасниот отпад во создадениот отпад и создавање приходи за покривање на трошоците.

## 5. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЕДУКАЦИЈА И ЗА ОБУКА НА КАДАРОТ ШТО УПРАВУВА СО ОТПАДОТ

Извршувањето на сите комплексни задачи за управување со отпад ја наметнува потребата за обучен кадар на сите нивоа. Обуката на човечките ресурси е силно поврзана со организацискиот развој на јавното претпријатие кое ќе ги анализира своите потреби и обуката ќе ја спроведува со развојот на неопходните капацитети и постојните празнини и слабости во делот на знаењето.

Целокупниот кадар вклучен во процесот на управување со отпадот ќе поседува дополнителни курсеви, работилници и обуки испланирани според специфичноста на работата и тоа со цел:

- Надградување на своето техничко и технолошко знаење со запознавање на новите технологиите и техничките апликации коишто опфаќаат собирање, претовар/транспорт, складирање на фракциите на опасен/неопасен отпад и на потенцијалната фракција за рециклирање, за механизмот и биолошкиот и другите видови третман и за процесите на депонирање на сите видови на отпад;
- Запознавање со националната законска регулатива и регулативата на ЕУ, програмите и правилата, како и економско-финансиските прашања и последици;
- Запознавање со општите политики, законските прашања поврзани со свеста на јавноста, организациски, технички, просторни, логистичкии економско финансиски теми и теми поврзани со посебни задачи, особено со координација на развојот и унапредувањето со отпадот и инвестиционите проекти и со обезбедување на финансиски средства.

## 6. ВОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СИСТЕМИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ISO 14001 И ДРУГИ)

Воведувањето на стандардизацијата претставува активност на утврдување одредби за општа и повеќекратна употреба, со цел постигнување на оптимално ниво на уредување во дадена област.

Стандардот ISO 14001, ги дефинира барањата за управување со заштитата на животната средина. Методологијата на стандардот ISO 14001 ја воспоставува политиката за заштита на животната средина, целите и процесите со кои ја реализира политиката, како и преземањето мерки со кои е потребно да го унапреди и усогласи работењето на претпријатието со системот на барања на овој стандард.

Со воспоставувањето на ISO 14001 ќе се дефинираат барањата за воспоставување процедури во заштитата на животната околина, ќе се одредат факторите на влијанието на услугата врз околината, ќе се предвидат еколошки системи на кои се врши негативно влијание, ќе се измерат негативните влијанија и ќе се дадат насоки за спречување на несаканите ефекти.

Стандардот ISO 14001 не е условен со закон и неговата примена е доброволна. Развиен е врз концептот на одржлив развој, со кој се задоволуваат сегашните потреби, при тоа не се загрозува опстанокот на идните генерации и задоволувањето на нивните потреби. Лесно се интегрира со стандардот ISO 9001 и наменет е за сертификација.

## 7. ДРУГИ МЕРКИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

### 7.1. ОРГАНИЗАЦИСКИ ПОДОБРУВАЊА

Организациските подобрувања на јавното претпријатие се во насока на:

- Подобрување на ефективноста;
- Намалување на оперативните трошоци и
- Остварување на поголеми приходи.

Воспоставување на систем за стратегиско планирање овозможува јавното претпријатие да ја дефинира својата стратегија или главниот правец на движење за период од неколку години и донесува одлуки за главните мерки што ќе ги преземе. Стратешкото планирање ги дефинира:

- конкретните цели што треба дасе постигнат;
- потребите во делот на ресурсите, во што спаѓаат капитал и човечки капацитети и
- временскиот распоред.

Воспоставување на нова организациона поставеност овозможува системска процена на кадровските потенцијали и обемот на работа. Ваквата организирана поставеност ќе овозможи анализа на кадровски потреби со цел да се идентификуваат бројот и профилот на сите вработени во јавното претпријатие како и потребите од стручен кадар за во иднина.

## 8. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на мерките и активностите предвидени во програмата се реализираат од повеќе извори како:

- Средства на ЈП Комуналец Битола;
- Буџет на општина Битола;
- Буџет на Република Македонија.
- Заеми од комерцијални банки;
- Билатерални донации (USAID, GTZ итн);
- Средства од програми за јакнење на капацитетите на јавните претпријатија;
- Средства од ЕУ кои подржуваат иновации и истражување;
- Инструменти за претпристапна помош на ЕУ (ИПА компоненти 1,3 и 4);

## 9. АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ

| Мерка | Активност | Период на спроведување |
|---|---|---|
| Технички, организациски и други мерки за избегнување и за намалување на создавање на отпад и намалување на штетноста на отпадот | Изработка на техничка и институционална документација за подобрување на системот за управување со отпад:<br>• Изработка на годишен план за управување со отпад;<br>• Учество во изработка на плански и стратешки документи;<br>• Учество во работни тела и групи за донесување на одлуки и правилници кои се однесуваат на делот за управување со отпад; | 2023-2025 |
| | Проширување на системот на собирање и транспортирање на отпадот во руралните (селските) средини:<br>• Проширување на дејноста на собирање и транспортирање на комунален отпад од села кои припаѓаат на општина Битола во кои не се врши комуналната услуга. | 2023-2025 |
| Проширување на системот за селективно собирање на отпадот (хартијата и пластиката (PET)); | • Распоредување на специјализирани садови од 120 литри (жолта боја) за собирање на PET пластика од индивидуални домаќинства;<br>• Распоредување на специјализирани садови од 1,1м$^3$ (жолта и сина боја) за собирање на отпадна хартија од колективни домаќинства и правни лица. | 2023-2025 |
| Управување со посебни текови на отпад (кабаст отпад, отпадна електрична и електронска опрема и др. видови на отпад) | • Организирање на месечни, полугодишни и годишни акции за собирање на посебни видови на отпад;<br>• Собирање на посебни видови на отпад по систем на повик. | 2023-2015 |
| Планирани активности за набавка на опрема | • Набавка на нови специјализирани возила за собирање и транспортирање на отпад;<br>• Набавка на пластични садови (контејнери) од 1,1м$^3$ (замена на дотраени метални садови (контејнери);<br>• Набавка на садови (контејнери) од 1,1м$^3$ за селектирање на отпад;<br>• Набавка на садови (пластични канти) од 120 литри за селективно собирање на отпад;<br>• Набавка на садови од 120 литри за собирање на комунален отпад. | 2023-2025 |
| Активност за едукација и за обука на кадарот што управува со отпадот | • Учество на работилници, семинари и дополнителни курсеви | 2023-2025 |
| Организациските подобрувања на јавното претпријатие | • Воспоставување на систем за стратегиско планирање;<br>• Воспоставување на нова организациона поставеност;<br>• Воведување на меѓународен систем за заштита на животната средина<br>• Воспоставување на регионален систем на управување со комуналниот отпад; | 2023-2025 |